РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N., 6330 STRUGË / Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 223, 782 015, Факс/Faks 781 434
web: struga.gov.mk,
e-mail: kryetari@struga.gov.mk, info@struga.gov.mk

Во Акта - Архивски знак
Ne Akt - Shenjo arkivore
Рок на чување
Afati i ruajtjes
Потпис.
Nënshkrimi
_____ г(v).

Сектор: / Sektori:
Сектор за туризам, локален економски развој и меѓународна соработка / Sektori për turizëm, zhvillim ekonomik lokal dhe bashkëpunim ndërkombëtar
Одделение: / Njësia:
Одделение за локален економски развој / Njësia për zhvillim ekonomik lokal

Бр./Nr. _____

06.12.2024

СТРУГА / STRUGË

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

Примено Panuar	06. 12. 2024		
Орга.единица Njes.organizative	Број Numer	Прилог Shtese	Вредност Vlera
	20-4868/1		

До:

Сектор за поддршка на градоначалникот, организација на работата на советот и информатичката технологија

-Комисија за ЛЕР
-Раководител на Сектор за туризам, локален економски развој и меѓународна соработка

Deri te:

Sektori për përkrahje të kryetarit, organizim të punës së këshillit dhe teknologjis informatike

-Komisioni për ZHEL
-Udhëheqës i Sektorit për turizëm, zhvillim ekonomik lokal dhe bashkëpunim ndërkombëtar

ПРЕДМЕТ: Барање за ставање на точки на дневен ред за седница на Совет

LËNDA: Kërkesë për vendosje të pikave në rend të ditës në mbledhje të Këshillit

Ве молиме на следната седница на Советот на Општина Струга да ги ставите на дневен ред следниве точки:

1. **Програма за работа на одделението за Локален економски развој на Општина Струга за 2025 година**

Ju lutemi që në mbledhjen e ardhshme të Këshillit të Komunës së Strugës t'i vendosni në rend dite këto pika:

1. **Programi i punës së njësia për Zhvillim Ekonomik Lokal të Komunës së Strugës për vitin 2025**

Со почит
Одделение за локален економски развој

Владислав Жупан

Me respekt.
Njësia për zhvillim ekonomik lokal

Vladislav Zhupan

ПРОГРАМА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА СТРУГА ЗА 2025Г

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), Советот на Општина Струга на седницата одржана на ___.12.2024 година ја донесе следната, ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА СТРУГА ЗА 2025 ГОДИНА

ОПШТО за Програмата

Програмата за поддршка на локалниот економски развој и туризам се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од член 33 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) , Статутот на Општина Струга („Службен гласник на Општина Струга бр._____), препораките на Европската Унија за забрзување на процесот на децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа, согласно начелата за транспарентност и отчетност во демократското општество.

Програмата е изработена во корелација со локалните стратегии од различни области- долгорочните цели и приоритети на општината во областа на локалниот развој **и буџетот на на Општина Струга**.

При подготовката на Програмата , земени се во предвид обврските кои произлегуваат од националните стратегии како **Национална стратегија за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031**, особено во делот на намалување на регионалните диспаритети и поттикнување на економскиот раст , **Национална стратегија за одржлив развој, Стратегијата за иновации на РС Македонија и Стратегија за мали и средни претпријатија. Дополнително** програмата ќе биде усогласена со другите релевантни национални стратегии и актуелните политики и програми на Владата на РСМ, како и користење на достапните фондови и инструменти за финансирање.

При креирањето на програмата се внимаваше активностите да бидат родово сензитивни, односно да одговорат подеднакво на потребите и на мажите и на жените. Одделението за ЛЕР во соработка со секторските одделенија за урбанизам, комунални дејности и животна средина, како и одделенијата релевантни за локалниот развој ќе се ангажира на подготовка на апликации и проектна документација за проекти до расположливите извори на финансирање. Фокусот на оваа програма ќе се стави на активности за изнаоѓање на финансиски средства за имплементирање на проекти во насока на подобрување и развојот на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој, подобрување на инфраструктурата и заложби за уредување, промоција и создавање на нови атрактивни содржини како и привлекување на инвеститори, изготвување на потребна техничка документација која е неопходна за аплицирање на проектите, содавање на поволности при инвестирање, поддршка на мали и средни претпријатија и ажурирање на информациите за граѓаните и деловната заедница.

Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината во онаа мерка во која дозволуваат расположливите финансиски и човечки капацитети на одделението. Процесот на креирање на оваа програма е основан врз непосредната комуникација со претставници на институции, бизнис секторот и здруженијата на граѓани, преку заедничките активности за да се овозможи решавање на големиот број на проблеми кој се евидентни во Општина СТурга. Носител на Програмата е Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина кој во соработка и координација со Градоначалникот го подготвува структурата на програмата и ќе бидат одговорни за реализацијата на програмските активности.

1.Вовед

Овој документ ја претставува Програмата за локален економски развој (ЛЕР) на Општина Струга за периодот 2025-2026 година. Програмата ги дефинира **целите, приоритетите и мерките** за поттикнување на економскиот развој на општината, со фокус на клучните сектори.

Програмата се подготвува со цел:

- Да се обезбеди **одржлив и инклузивен економски раст** на општината.
- Да се подобрат **животните услови на граѓаните** преку зголемување на вработеноста и приходите.
- Да се искористат **расположивите ресурси и потенцијали** на општината.
- Да се усогласи локалниот економски развој со **националните стратегии и приоритети**.
- Да се создаде **поволна клима за инвестиции и развој на претприемништвото**.

Програмата за ЛЕР е од клучно значење за развојот на Општина Струга, бидејќи таа претставува **патна мапа** за остварување на економските цели на општината, овозможува **ефикасно искористување на буџетските средства и средствата од национални и донаторски извори,** придонесува кон **подигнување на конкурентноста** на општината и ги **мотивира засегнатите страни** да се вклучат во процесот на економски развој.

За да се дефинираат приоритетите и мерките во Програмата за ЛЕР на Општина Струга, земени се во предвид актуелните економски трендови и анализи на национално и глобално ниво. Идентификувани се следните трендови:

1. Глобалните трендови според Светска Банка се идентификувани во дигиталната трансформација е клучна за економскиот раст. Струга треба да инвестира во дигитална инфраструктура и едукација за дигитални вештини. OECD нагласува дека зелените инвестиции се клучни за одржлив развој. Општината треба да ги искористи своите природни ресурси за развој на еко-туризам и обновливи извори на енергија. Од друга страна и покрај одливот на работоспособно население од општината, извештаите на Светска Банка укажуваат на зголемена автоматизација на работните места и потребата да се инвестира во едукација и обуки за вештини кои се отпорни на автоматизација.

2. Национални трендови кои се идентификувани при подготовките на програмата се предвидувањата Министерството за финансии за стабилен економски раст во наредниот период , но треба да се следат и потенцијалните ризици (инфлација, глобална криза).

Националната стратегија за рамномерен регионален развој на РСМ се фокусира на намалување на регионалните диспаритети и треба да се искористат можностите за финансиска поддршка од национални програми за регионален развој. Агенцијата за странски инвестиции работи на привлекување на инвестиции во различни сектори а општината треба да се позиционира како атрактивна дестинација за инвестиции.
Од аспект на други специфични анализи кои се спроведени за Општина Струга релевантни се заклучоците дека Струга има голем потенцијал за развој на туризмот, но се соочува со предизвици како што се сезонски карактер на туризмот и потреба од заштита на животната средина (извештај на Министерството за економија). **Мали и средни претпријатија** се клучни за локалната економија, но се соочуваат со проблеми како што се ограничен пристап до финансии, недостаток на квалификувана работна сила и потреба од подобрување на бизнис климата (анализа на Државен завод за статистика). Стапката на невработеност во Струга е над просекот на национално ниво, особено кај младите. Потребно е да се промовираат мерките за стимулирање на вработувањето и развој на човечкиот капитал и олеснување на пристап до нив(извештај на Агенцијата за вработување) . Од друга страна Струга има потреба од подобрување на инфраструктурата, особено во руралните средини. Потребни се инвестиции во патна, комунална и туристичка инфраструктура (анализа на општинските служби).
Струга има потенцијал за економски развој, но се соочува и со бројни предизвици. Програмата за ЛЕР треба да се фокусира на искористување на можностите и на надминување на предизвиците, земајќи ги предвид глобалните и националните трендови.
3.Актуелни случувања на национално ниво се економските случувања и политики на Владата насочени кон привлекување странски инвестиции, дигитализација на економијата и зелениот развој. Актуелни се инвестициите во инфраструктура , како и програмите за поддршка на МСП. Новиот Закон за финансиска поддршка на инвестиции нуди поволности за инвеститорите а процесот на пристапување кон ЕУ, отвора нови можности за економска соработка и развој.
Во овие околности Општина Струга има можност за користење на средства од различни фондови за проекти во областа на туризмот, инфраструктурата и заштитата на животната средина. Нејзината поволна географска позиција и природни убавини кои претставуваат предност за развој на туризмот и останатите гранки на економјата.

Основните предизвици за Општина Струга е од една страна **високата невработеност**, особено кај младите а од друга **недостигот на работна сила** во сите сектори (посебно недостаток на квалификувана работна сила) како и потребата од подобрување на инфраструктурата .
На општинско ниво постојано се актуелни проектите за **изградба на нова инфраструктура** (улици, реконструкција на водовоната мрежа, подобрување на канализацијата и системите за одведување и пречистувањена отпадните води, изградба на шеталишта, велосипедски патеки и др.). Специфични предизвици се проблемите со третман на отпадот и депонијата во близина на градот, одржувањето на чистотата на Охридското Езеро и заштита на животната средина.

На **глобално ниво** евидентни се трендовите за **дигитализација на економијата** и развој на **е-трговија, раст на зелената економија** и **обновливите извори на енергија** и **зголемената мобилност на работна сила**.
Сето ова се рефлектира на состојбите во Општина Струга со тоа што се истакнува **потребата од прилагодување кон новите технологии и дигиталните вештини**, можност за **привлекување на инвестиции поврзани со ИТ** и растечките предизвици поврзани **со климатските промени** (на пр. недостаток на вода, пожари).
Од друга страна програмата за ЛЕР е поврзана и со другите програми во општината како што се буџетот на општината, Програмата за уредување на просторот, Социјалните програми и програмите за заштита на животната средина.

Процесот на донесување на Програмата за ЛЕР на Општина Струга се обидува да биде транспарентен, инклузивен и партиципативен, вклучувајќи ги сите релевантни засегнати страни . Во текот на годината постојано се евидентираат барањата, забелешките и разговорите со претставници на сите засегнати страни како членовите на Советот на Општина Струга, бизнисмени, туристички работници, представници на граѓански организации, представници на локални, регионални и национални институции и агенции. Работниот тим врши анализа на моменталната состојба во општината, идентификувајќи ги силните и слабите страни, можностите и заканите (SWOT анализа).

Исто така во текот на имплементација на годишните програми, учеството на различни форуми, презентации, студии и анализи- а се добиваат мислења и сугестии од граѓаните, бизнис заедницата и другите засегнати страни.

Одделението за ЛЕР е во постојани комуникација со **Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР при** Советот на Општина Струга од кои добиват сугестии и повратни мислења за важни проекти кои треба да се имплементираат и даваат предлози за стратегиски инвестиции .

После инкорпорирање на добиените сугестии од комисијата при Советот на општината се вршат измени и дополнувања во Програмата и истата ќе биде усвоена од страна на Советот на Општина Струга.

Цел на Програмата за ЛЕР на Општина Струга

Општа/Генерална цел на програмата е да се поттикне одржлив и инклузивен економски развој на Општина Струга, која ќе обезбеди подобар квалитет на живот за сите граѓаните на општината.

Специфични цели на програмата се :

a. **Зголемување на конкурентноста на локалната економија преку** Подобрување на бизнис климата и привлекување на инвестиции, поддршка на развојот на мали и средни претпријатија (МСП) и промовирање на иновации и дигитализација.

b. **Создавање на нови работни места и намалување на невработеноста преку** стимулирање на вработувањето, особено на младите и развој на човечкиот капитал преку едукација и обуки.

c. **Подобрување на инфраструктурата преку** инвестирање во патна, комунална и туристичка инфраструктура и обезбедување на квалитетни јавни услуги.

d. **Одржлив развој и заштита на животната средина со** промовирање на зелена економија и обновливи извори на енергија и заштита на природните ресурси и биодиверзитетот.

e. **Зајакнување на социјалната кохезија преку** намалување на сиромаштијата и поддршка на ранливи групи.

Мерки вклучени во програмата за 2025г

1.Мерки за зголемување на конкурентноста на локалната економија во Општина Струга:

1. Подобрување на бизнис климата и привлекување на инвестиции:

Активност	Временска рамка	Индикатори	Буџет	Носител на активноста
1.1. Организирање на презентации и програми од национално ниво за бизнисите во Струга.	Годишно	Број на учесници , број на настани.	/	Одделение за локален економски развој
1.2. Воспоставување на соработка со бизнис инкубатори и акцелератори.	1 година	Број на компании кои користат услуги од инкубатори/акцелератори.	/	Одделение за локален економски развој

2. Поддршка на развојот на МСП:

Активност	Временска рамка	Индикатори	Буџет	Носител на активноста
2.1. Информирање на локалната деловна заедница за на програми за финансиска поддршка на МСП (грантОВИ, субвенции, поволни кредити).	Годишно	Број на настани; број на учесници.	/	Одделение за локален економски развој
2.2. Изработка на документи за подршка на локалните МСП при аплицирање на повици	Континуирано	Број на докумети	/	Одделение за локален економски развој, НВО сектор

3. Промовирање на иновации и дигитализација:

Активност	Временска рамка	Индикатори	Буџет	Носител на активноста
3.1. Поддршка на развојот на стартап компании	Континуирано	Состаноци со стартап компании; бр.посредување за добивање помош.	/	Одделение за локален економски развој
3.2. Промовирање на дигиталните вештини преку обуки и едукативни програми.	Континуирано	Број на учесници; број на настани.	/	Одделение за образование, НВО сектор

3.3. Дигитализација на општинските услуги.(аплицирање на проекти)	2 години	Број на дигитализирани услуги;	/	Одделение за информатички технологии

2.Мерки за создавање на нови работни места и намалување на невработеноста во Општина Струга:

1. Стимулирање на вработувањето, особено на младите:

Активност	Временска рамка	Индикатори	Буџет	Носител на активноста
1.1. Промоција и презентација на проекти за субвенционирање за нововработени лица	3 години	Број на информативни настани, број на подржани лица.	/	Одделение за локален економски развој, Агенција за вработување
1.2. Поддршка на самовработување и претприемништво кај младите (презентација, посредување, информирање).	Континуирано	Број на млади кои започнуваат сопствен бизнис; број на презентации.	/	Одделение за локален економски развој, НВО сектор

2. Развој на човечкиот капитал преку едукација и обуки:

Активност	Временска рамка	Индикатори	Буџет	Носител на активноста
2.1. Обуки за дефицитарни занимања на пазарот на трудот	Континуирано	Број на лица; број на обуки.	/	Центар за образование на возрасни, приватни компании за обука
2.2. Соработка со средни училишта за прилагодување на образовните програми кон потребите на пазарот на трудот.	Континуирано	Број на состаноци	-/	Одделение за образование, средни училишта

3.Мерки за подобрување на инфраструктурата во Општина Струга:

1. Инвестирање во патна, комунална и туристичка инфраструктура:

Активност	Временска рамка	Индикатори	Буџет	Носител на активноста
1.1. Реконструкција и модернизација на локални патишта.	5 години	Километри реконструирани патишта		Одделение за комунални дејности
1.1.1 Изградба на улица Туристичка	3години	Километри реконструирани патишта	135.000.000МКД	Општина Струга Оделение за комунални работи
1.1.2 Изработка на тех документација за патишта и улици	1 год	Километри ппроектирани патишта и улици	250.000МКД	ЛЕр и одделение за комунални работи
1.2.3 Реконструкција на патот с.Мислешево-с.Требеништа	1год	Километри реконструиран пат	4,000,000МКД + 4.000.000МКД сопствено	Центар за развој на Југозападен регион и Општина Струга
1.2.4 Реконструкција на улици во Мини Сервисна Зона	1год	Километри реконструиран пат	Центар за развој на Југозападен регион и Општина Струга	Центар за развој на Југозападен регион и Општина Струга
1.2. Изградба и рехабилитација на водоводна и канализациона мрежа.	5 години	Процент на домаќинства со пристап до чиста вода; Процент на домаќинства приклучени на канализациона мрежа; Квалитет на водата.	/	Јавно комунално претпријатие
1.2.1 Замена на азбестни	2години	Процент на намалување на загуба на вода во систем	60.000.000 МЖС 8.000.000Буџет на	Општина Струга

цевки на главни водоводи во сСтруга			Општина Струга 2025 8.800.000-2026	
1.2.2 Изградба на секундарна канализацина мрежа во с.Ложани	1година	Број на поврзани домаќинства	Биро за регионален развој	Општина Струга
1.2.3 Поставување на дигитални водомери на водоводна мрежа во град Струга	2 години	Број на поврзани домаќинства	Биро за регионален развој3.000.000МКД Буџет на Општина Струга 3.000.000	ЈП Водовод и Канализација
1.2.4 Изработка на техничка документација за пречистителна станица ЛАбуништа	1год	Урбанистичка документација, основен проект, елаборати	350.000МКД	Одделение за ЛЕР и одделение за комунални работи
1.3. Инвестирање во туристичка инфраструктура (шеталишта, плажи, велосипедски патеки, спортски терени).	5 години	Број на изградени/реконструирани туристички објекти; Задоволство на туристите од инфраструктурата.		Одделение за ЛЕР и одделение за комунални работи
1.3.1 Изработка на техничка документација за велосипедски и пешачки	2години	Биро за развој	Биро за развој 500.000 Општина Струга 500.000	Одделение за ЛЕР и одделение за комунални работи

патека				
1.4. Подобрување на сообраќајот	3 години	Намален број на незгоди,		
1.4.1 Студија за сообраќајна мобилност во Општина Струга	3години	Светска Банка и Мин за транспорт	Број на изработени анализи, број на состаноци, рој на подготвени документации	Одделение за сообраќај
1.5. Изградба на велосипедски патеки во урбаните и руралните средини.	3 години	Должина на изградени велосипедски патеки;		Одделение за комунални дејности
1.3.1 Изградна на велосипедска пешачка патека Автпокамп Ас до слив на р.Сатеска	2години	Светска Банка и Мин за транспорт	Директно од буџет на донаторот	Одделение за ЛЕР и одделение за комунални работи

2. Обезбедување на квалитетни јавни услуги:

Активност	Временска рамка	Индикатори	Буџет	Носител на активноста
2.2. Подобрување на услугите за собирање и одлагање на отпад.	Континуирано	Процент на рециклиран отпад; Чистота на јавните површини.	-	Јавно комунално претпријатие
2.2.1 Набавка на метларка за потребите на ЈП Комунално	1год	Набавена машина за комунални услуги	20% од општински буџет (околу 1.500.000МКД	УНДП проект за намалување на загадување на воздухот
2.2.2 Набвака на 2 цистерни за ЈП Комунално	1год	Набавка на една 3м3цистерна и една 10м3 за	20% од општински буџет (околу	УНДП проект за намалување на загадување на

		миење на улици	3.000.000МКД	воздухот
2.3. Одржување и уредување на јавни зелени површини.	Континуирано	Број на уредени зелени површини;		Јавно комунално претпријатие
2.3 Засадување на 350 култивирани дрва во централните градски улици	1 год	Број на засадени дрвја	20% од општински буџет (околу 1.000.000МКД	УНДП проект за намалување на загадување на воздухот
2.4. Дигитализација на општинските услуги (е-управа).	3 години	Број на дигитализирани услуги;	300.000 денари годишно	Одделение за информатички технологии

4.Мерки за одржлив развој и заштита на животната средина во Општина Струга:

1. Промовирање на зелена економија и обновливи извори на енергија:

Активност	Временска рамка	Индикатори	Буџет	Носител на активноста
1.1. Поддршка на инвестиции во обновливи извори на енергија (	Континуирано	Број на учесници на инфиормативни настани	200.000 денари годишно	Одделение за ЛЕР
1.1,1 Изработка на техничка документација за инсталација на фотоволтаици на јавни објекти	1 год	Број на изработени документации	300.000МКД	
1.1.2 Инсталација на брзи полначи за возила на електрична енергија	1год	Број на поставени полначи	2.000.000	ОПдделение за ЛЕР
1.2. Промовирање на енергетска ефикасност во јавни згради и домаќинства (нациоанлни и регионални програми и проекти)	Континуирано	Број на Презентации и учесници	/	Одделение за ЖС иЛЕР

2. Заштита на природните ресурси и биодиверзитетот:

Активност	Временска рамка	Индикатори	Буџет	Носител на активноста
2.1. Спроведување на мерки за заштита на Охридското Езеро (контрола на загадувањето, одржливо управување со водните ресурси).	Континуирано	Квалитет на водата во Охридското Езеро; Биодиверзитет на езерото.	/	Одделение за животна средина, ЛЕР, урбанизам
2.1,1Соработка во изработка на Студија за валоризација на НАционален парк ЈАбланица	Континуирано	Број на состаноци	/	Одделение за животна средина, ЛЕР, урбанизам
2.1.2 Соработка во изработка на урбанистички план за крајбрежје на Охридско езеро	Континуирано	Број на состаноци	/	Одделение за животна средина, ЛЕР, урбанизам
2.2. Заштита на шумите и пошумување.	Континуирано	Површина на пошумени површини	/	Одделение за животна средина, ЛЕР, урбанизам
2.2.1 Асистенција за добивање на донација на противпожарни возила	Континуирано	Број на возила и опрема	/	Противпожарни организации и ЛЕР

Мерки и проекти за зајакнување на социјалната кохезија во Општина Струга:

1. Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост:

Активност	Временска рамка	Индикатори	Буџет	Носител на активноста
1.1. Програми за ангажирање на лица од ранливи групи (обуки, субвенции).	**Континуирано**	**Број на бенефициенти-лица од ранливи групи**	**264.000 денари годишно УНДП ОКР 66,000 МКД ОпштинСтруга**	**Агенција за вработување, УНДП ОКР проект**

Очекуваните резултати од спроведените мерки во Програмата за ЛЕР на Општина Струга

1. Зголемување на конкурентноста на локалната економија:

- Зголемен број на новорегистрирани бизниси
- Зголемен број на инвестиции во општината

- Зголемен број на стартапи.

2. Создавање на нови работни места и намалување на невработеноста:

- Намалена стапка на невработеност.
- Зголемен број на вработени лица.
- Зголемен број на обучени лица за дефицитарни занимања.

3. Подобрување на инфраструктурата:

- Подобрен квалитет на патиштата (намален број на оштетувања, намален број на сообраќајни незгоди).
- Зголемен процент на домаќинства со пристап до канализација.
- Намелена загуба на вода во систем за водоснабдување
- КМ изградени улици
- Метри реконструирана водоводна мрежа
- Број на набавена механзиација за јавна чистота

4. Одржлив развој и заштита на животната средина:

- Зголемено производство на енергија од обновливи извори.
- Подобрен квалитет на водата во Охридското Езеро.
- Број на засадени садници и дрвја
- Капацитет на инсталирани фотоволатици и други извори од обновлива енергија
- Број на поставени полначи за еколошки возила

5. Зајакнување на социјалната кохезија:

- Намален број на лица кои живеат во сиромаштија 9корисници на социјална помош.
- Подобрен пристап до социјални услуги за ранливи групи.

Претпоставки и ризици за реализација на Програмата за ЛЕР на Општина Струга:
Претпоставки за успешна реализација на програмата се континуирана политичка поддршка од страна на локалната власт за имплементација на Програмата, обезбедени доволно финансиски средства од општинскиот буџет, како и од национални и меѓународни фондови, воспоставена соработка меѓу општината, бизнис секторот, граѓанските организации и другите релевантни чинители, стабилен економски раст на национално ниво и способност на општината да се прилагоди на глобалните економски трендови (дигитализација, зелена економија).
Како ризици за реализација на програмата се можните промени на локалната власт или политички тензии кои можат да ја забават или спречат имплементацијата, недостатокот на средства од општинскиот буџет или ограниченият пристап до национални и меѓународни фондови и отпор од страна на одредени засегнати страни кон спроведување на Програмата. Други загрижувачки ризици се појавата на **негативни макроекономски трендови како** економски криза, инфлација или други негативни економски случувања, непредвидени случувања како природни катастрофи или пандемии .
За да се минимизираат ризиците и да се зголемат шансите за успешна реализација на Програмата, потребно е постојано следење на имплементацијата на Програмата и идентификување на потенцијалните проблеми со цел да се прилагоди програмата на

новите случувања, одржување на отворена комуникација со засегнати страни , обезбедување фиансиски средства од различни извори (општински буџет, национални фондови, меѓународни фондови, приватни инвестиции) и постојана соработка на различни одделенија за имплементација на проекти и програми.

Буџет на програмата и извори за финансирање

Буџетот на Програмата за ЛЕР на Општина Струга е реално проектиран, заснован на детална анализа на трошоците за секоја мерка и активност и врз основа на веќе склучени договори и повици за доделување на средства од министерства и агенции кои се очекуваат во текот на годината а се иднесуваат на приоритетни општински проекти со логични консеквенци.

Структура на буџетот:

Област	Износ (денари)
Зголемување на конкурентноста на локалната економија	/
Создавање на нови работни места и намалување на невработеноста	/
Подобрување на инфраструктурата	13.100.000МКД
Одржлив развој и заштита на животната средина	5.300.000МКД
Зајакнување на социјалната кохезија	350.000МКД
Вкупно	18.750.000МКД

Извори на финансирање на Програмата

- **Општински буџет** е основниот извор на финансирање за Програмата за ЛЕР. Износот на средствата кои ќе бидат издвоени од општинскиот буџет зависат од склучените договори и од расположивите средства.
- **Национални фондови** кои можат да се користат за финансирање на проекти во рамките на Програмата за ЛЕР, како што се: Министерството за животна средина, Министерството за транспорт, Министерство за локална самоуправа и Биротот за регионален развој и други.
- **Меѓународни фондови кои функционираат на национално ниво** како програми на ООН (UNDP, FAO), УСАИД, Светска Банка, Европска инвестициона банка , ИПАРД, други агенции, организации и донатори.

Мониторинг и известување

Следењето и известувањето се клучни компоненти за успешна имплементација на Програмата за ЛЕР на Општина Струга. Тие овозможуваат проценка на напредокот, идентификување на потенцијалните проблеми и прилагодување на мерките за постигнување на поставените цели.

Систем за следење

Дефинирани се мерливи индикатори за секоја цел и мерка во Програмата. Индикаторите се SMART (Specific, Measurable, Achievable, Relevant, Time-bound). Воспоставен е систем за редовно собирање на податоци за индикаторите од различни извори како општински служби, локални агенции и слично.

Известување

За спроведување на Програмата ќе се подготвуваат редовни извештаи за напредокот во реализацијата на Програмата до комисијата за ЛЕР и Советот , **ќе се објавуваат** на веб-страницата на општината . а за капиталните и стратегиските проекти ќе се **организираат и** јавни консултации .

Фреквенција на следење и известување:

Следењето на индикаторите ќе се врши на полугодишно и годишно ниво, во зависност од специфичните индикатори, дедека известувањето – извештаите ќе се поднесуваат на крајот на годината.

Улоги и одговорности во однос на Програмата

Совет на Општина Струга ја усвојува Програмата за ЛЕР и ги надгледува нејзината имплементација и резултати, првично преку Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР.

Градоначалникот е одговорен е за спроведување на Програмата и за постигнување на поставените цели а **одделение за локален економски развој ја к**оординира имплементацијата на Програмата и ги следи индикаторите и подготвува извештаи.

Други општински сектори и одделенија учествуваат во имплементацијата на мерките кои се во нивна надлежност.

Алатки за следење и известување

Алатки за мониторинг и евалуација се базата на податоци за следење на индикаторите, постои и софтвер за оваа намена, но засега одделениото го користи само за интерна употреба.

Дополнителни аспекти за мониторинг и евалуација на Програмата се вклучувањето на граѓаните во процесот на следење и евалуација (анкети, фокус групи, јавни дебати), потоа редовните ревизии како одд страна на внатрешниот ревизор – така и од ревизиите на национално ниво или пак на ниво на проект.

План за мониторинг на Програмата за ЛЕР на Општина Струга

1. Целта на планот за мониторинг е да се обезбеди систематско следење на имплементацијата на Програмата за ЛЕР, проценка на постигнатиот напредок и идентификување на потенцијалните проблеми.

2. За секоја цел и мерка во Програмата треба да се дефинираат мерливи **индикатори**. Индикаторите треба да бидат SMART (Specific, Measurable, Achievable, Relevant, Time-bound).

- **Зголемување на конкурентноста:**
  - Број на новорегистрирани бизниси
- **Создавање на работни места:**
  - Стапка на невработеност
  - Број на новосоздадени работни места
- **Подобрување на инфраструктурата:**
  - Километри реконструирани патишта, водоводи,патеки

- Загуба на вода во водоводниот систем
-

- **Одржлив развој:**
  - Производство на енергија од обновливи извори
  - Квалитет на водата во Охридското Езеро

3. Податоците ќе се собираат од општинските служби, агенции, статистички завод, преку анкети на граѓани и бизниси, интервјуа со клучни засегнати страни и посети на терен при имплементацијата на проекти.

4. Известувањето врши Одделението за локален економски развој, во соработка со другите релевантни сектори првично до градоначалникот, до Комисијата за ЛЕР и Совет на општината .

5. Мерење на ефикасноста се мери со споредување на постигнатите резултати со планираните резултати, додека **ефективноста** се мери со анализа на влијанието на Програмата врз локалната економија и квалитетот на живот на граѓаните.

Преодни и завршни одредби

Програмата за ЛЕР стапува во сила со денот на нејзиното усвојување од страна на Советот на Општина Струга. Се донесува за период од 01.01.2025 до 31.12.2025г.

Програмата за ЛЕР може да се менува и дополнува со одлука на Советот на Општина Струга.